УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

Архивски број: УП1-11/3 - 1362/2019
Дата: 16.12.2019 год

**ДО: Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани**
**Ул. „Тодосија Паунов“ бр 36,**
**2300 Кочани**

**ПРЕДМЕТ:Оглас за јавна расправа по однос на Барање за измена на А-Интегрирана еколошка дозвола за Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани**

Почитувани,

Согласно член 103 став 4,од Законот за животна средина (Сл.В. на Р.М. 53/05; 81/95; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10;124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15,39/16,28/18,65/18 и 99/18),како и Правилникот за постапката за добивање на А- интегрирана еколошка дозвола член 8 став 2, Ви го доставуваме текстот на Огласот за Јавната расправа со цел истиот да го објавите во најмалку еден дневен весник кој ја покрива целата територија на Република Македонија и на огласната табла пред општина Кочани.

Јавната распава треба да ја организирате врз основа на поднесеното Барање за одржување на јавна расправа од страна на Општина Кочани бр. УП1-11/3 - 1362/2019 од 10.12.2019 год.

Краен рок за одржување на јавна расправа по однос на Барање за измена на А-Интегрирана еколошка дозвола за Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани е 24.12.2019 год.

Заради транспарентноста на постапката, препорачуваме барањето да се објави во весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот. Земајќи во предвид дека објавувањето во дневниот весник е на трошок на барателот, Ви ја доставуваме содржината на објавата со цел истата да ја објавите согласно законот, најкасно во рок од 3 дена по приемот на овој допис.

## Оглас за јавна расправа по однос на Барање за измена на А-Интегрирана еколошка дозвола за Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани

Се информира јавноста дека согласно член 99 став 1 и член 116 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10,


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15,129/15,192/15,39/16,28/18,65/18 и 99/18), до Министерството за животна средина и просторно планирање доставено е Барање за измена на А-интегрирана еколошка дозвола бр. УП1-11/3-1362/2019 доставено на 23.09.2019 год.

**Подносител на барањето:**

Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани
Ул. „Тодосија Паунов“ бр 36,
2300 Кочани , Република Македонија

**Категорија на инсталацијата:**

Прилог 1, точка 6,
подточка 6.1 Индустриски постројки за производство на хартија и картон, со производствен капацитет над 20t/den. Проектиран капацитет: 100 т/ден

**Вид на активност:**

Производство на 100 т/ден на крафт хартија за торбички, со грамажа од 70 до 170 g/m$^2$,амбалажна хартија со грамажа од 70 – 170 g/m$^2$ иимитација на крафт од 70 до 170 g/m$^2$.

**Јавната расправа ќе се одржи во просториите на Хотел Шагал, на 20.12.2019 година, (Петок) со почеток во 13,00 часот**

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат во јавната расправа и да ги дадат своите коментари во однос Барањето од страна на ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани.
Барањето е достапно на Веб страната на МЖСПП www.moepp.gov.mk

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Свето Василески
Контролирал: Fatos Balliu
Согласен: Nazim Aliti

Одобрил:Xhezmi Saliu
Директор на Управа за животна средина


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk